

**УМЕТНИЧКА ГАЛЕРИЈА СКОПЈЕ**

**„ДАУТ ПАШИН АМАМ"**

ART GALLERY SKOPJE

„DAUT PASHA HAMAM"

**ФЕСТИВАЛ „ОХРИДСКО ЛЕТО"**

**„OHRID SUMMER FESTIVAL"**

# Личеноски

ЗАВОД И МУЗЕЈ ОХРИД - КУЌА НА УРАНИЈА
ОХРИД, МАКЕДОНИЈА
12 - 27 ЈУЛИ, 1994
INSTITUTE AND MUSEUM OHRID - HOUSE OF URANIA
OHRID, MACEDONIA
12 - 27 JULY, 1994

Субјективното доживување на светот и вистинската уметничка природа на Лазар Личеноски се препознава во употребата на боите, од нивниот колорит, звучност и нивната природна убавина. Лирската природа на Личеноски најмногу доаѓа до израз при изработката на пејзажите, жанр-сцените (детали од животот на еснафите, селаните и друго), и како што ќе рече Блаже Конески "ликовното доживување на Личеноски е врзано за сосема одреден свет на предание... не се работи ни во првиот ни во вториот случај за плитко подржување на фолклорот, ами за сила што една наследна стилскаструктура ја трансформира во нови форми, постигнува нова синтеза во допирот со современоста".

Неговата прва самостојна изложба беше во далечната 1927 година во Скопје. Оваа изложба го означува историскиот миг за македонската култура како датум што симболично го одреди почетокот на новото модерно македонско сликарство.

По престојот во Париз, Личеноски слика актови, капачки, портрети каде што се чувствуваат ликовни влијанија во конструктивната поставеност на формата, нагласувањето на волуменот и цврстината на масите.

По кратко време Личеноски коренито го менува својот својот ликовен израз, особено по 1933 година, кога станува сликар на својот амбиент-на родниот предел, со постапка во која ја нагласува фактурата, рељефот со чувство за боја која е блиска на македонскиот пејзаж. Единството на сликата Личеноски го постигнува преку усогласување на мануелната акција-"ракописот" и сензацијата на виденото, со полетот и ритамот на сопственото дишење.

Според основните начела и патетичниот темперамент, Личеноски е експресионист. Неговото творештво е единство на националното и на интернационалното. Најчесто создаваше во пленерот сликајќи ги вечните космички елементи: езеро, небо, дрвја и луѓето во сето тоа. Така со право може да се истакне дека Лазар Личеноски е сликар кој ја воведе "модерната" уметност во Македонија поставувајќи го своето творештво како интегрален дел во самата историја на македонската ликовна уметност. Тој се одликува со страствен сликарски стил, со длабоки емоции и силен темперамент.

Од богатото творештво на Личеноски јасно се воочува дека тој преку синтезата на фовистите и експресионистите, како и од предизвикот типичен за Македонија и македонското поднебје, го пронајде патот кон своја самосвојна изразна форма.

Во неговиот обеменопус, покрај пејзажите, се наоѓаат и многубројни портрети, фигурални композиции, мртви природи и друго. Портретите претставуваат огромна панорама на ликови од сите општествени слоеви: уметници, научници, писатели, пријатели, роднини, непознати граѓани, селани, стари, млади и т.н. Неговите ликови се карактеризираат со длабока психолошка продлабоченост, тие се вистинити и убедливи, а тоа е необично, за сликар-колорист, каков што беше тој.

Личеноски своите дела ги изработил во повеќе техники: масло, фреско, мозаик, зграфито, таписерија, акварел, цртеж, монотипија и друго. Со ширината и со богаството на сликарскиот опус, како и со несекојдневната енергичност, Лазар Личеноски ја збогати и ја раздвижи македонската сликарска уметност. Тој ја исполни својата мисија како сликар, пејзажист и хроничар. Со неговото сликарско мајсторство Лазар Личеноски го зазеде високото место-родоначалник на современото македонско сликарство.

Мирјана Талеска

The subjective experience of the world and the real artistic nature of Lazar Lichenoski are recognized by the use of colors, their shading, resonance and their natural beauty. The lyrical nature of Lichenoski is expressed fully with his handiwork of landscapes and details of craftsmen and peasant way of life, as the writer Blaze Koneski said: "the fine art experience of Lichenoski is related to a completely determined world of tradition... It is not a mere imitation of folklore, but it is a force that has transformed an inherited style structure into new shapes, and reaches a new synthesis in the touch of contemporary times."

His first individual exhibition took place back in 1927, in Skopje. This exhibition signifies a historic moment for Macedonian culture, it is a date that initiates symbolically the Macedonian new modern painting.

After his stay in Paris, Lichenoski paints nudes, bathers, portraits in which we can feel fine-art influence in the constructive setting of the shape, pronounced volume and strength of mass.

After a short period of time, Lichenoski changes radically his fine-art expression, especially after 1933, when he becomes a painter of environment, of his home landscape, in a manner that emphasizes the structure and the relief, with a feeling for colors that is close to the Macedonian landscape. Lichenoski achieves harmony of the painting through adjustment of manual action - "handwriting" and sensation of the already seen, with the enthusiasm and rhythm of his own breathing.

According to his basic principles and pathetic temperament, Lichenoski is an expressionist. His works are unity of national and international elements. He painted mostly eternal cosmic elements: lake, sky, trees and people in all this.

So, it can be rightfully said that Lazar Lichenoski is a painter who introduced "Modern Art" in Macedonia, who placed his creative work as an integral part of the very history of Macedonian fine-art. The characteristics of his style are passion, deep emotions and strong temper.

The ample creative work of Lichenoski clearly shows that through a synthesis expressionism and the typical challenge of Macedonian landscape, he has found his own form of expression.

His abundant opus includes besides his landscapes, a great number of portraits, compositions of figures, still life etc. His portraits present a huge panorama of characters from all social classes: artists, scientists, writers, friends, relatives, anonymous citizens, village dwellers, youngsters, old people etc. His personalities are done with a deep psychological study, they are real and convincing, which is unusual for a colorist painter such as he is. Lichenoski has worked with various techniques, such as: oil, fresco, mosaic, graphics, tapestry, watercolor, drawing, monotypia etc.

Lichenoski enriched Macedonian fine-art and brought motion in it with the width and the abundance of his painterly opus and with his unusual energy. He has fulfilled his mission as a painter, a landscape painter and a chronicler. His painterly mastery made him to become a founder of the family of modern Macedonian painters.

Written by
Mirjana Taleska

Translated into English by Stanoevska Zaneta



Афионско поле, 1963

## БИОГРАФИЈА

Роден е 1901 година, Галичник, умрел во 1964 година, Скопје. Уметничка школа со акакдемски курс завршил во Белград, 1927 година. Специјализирал ѕидни техники во Париз во атељето на Марсел Леноар и кај Пол Бодуен на Ekole des Arts et Mètiers, ги посетувал атељето на Андре Лот и Akadèmie de la Grande Chaumière (1927-1929). Живеел во Белград, потоа во Скопје.
Излагал во Скопје, Белград, Загреб, Париз, Лондон, Прага, Софија, Рим. Букурешт и др. Бил професор и директор на Училиштето за применета уметност во Скопје. Добитник е на Октомвриската награда за сликарство во Република Македонија во 1959 година.
Неговите дела се наоѓаат во Музеите и Галериите на поранешна Југославија како и во приватни колекции кај нас и во светот.

## BIOGRAPHY

Born in Galichnik 1901, died in Skopje, 1964. Graduated at Art School with an Academic Course in Belgrade, 1927. He specialized in wall painting techniques in Paris at the studio of Marcel Lenoir and also with Paul Boduen at Ecole Des Arts et Metiers, paying visits to the studios of Andre Lot and Academie de La Grande Chaumiere (1927-1929). He lived in Belgrade and in Skopje. He exhibited in Skopje, Belgrade, Zagreb, Paris, London, Prague, Sofia, Rome, Bukurest and other cities. He worked as a teacher and principal of School of Applicable Arts in Skopje. He is a winner of October prize of Republic of Macedonia for painting in 1959. His works are exhibited at museums and galleries of former Yugoslavia and also are a part of private collections at home and abroad.

## КАТАЛОГ
## CATALOGUE

1. Радожда, 1933
   Radozda, 1933
   масло на шпер, 54x73
   сигн. д. л. Личеноски

2. Пејзаж од Елбасан, 1934
   Landscape of Elbasan, 1934
   масло на шпер, 79.5x59.5
   сигн. д. д. Личен

3. Охридски пејзаж со Горна порта, околу 1936
   Landscape from Ohrid with the Upper gate
   масло на лесонит, 70x97
   сигн. д. л. Л. Личеноски
   сопст. Зое Личеноска

4. Црвени брегови во Галичник,1936
   The red hills of Galicnik, 1936
   масло на платно, 72.5x54
   сигн. д. л. L. Licenoski 36
   сопст, Зое Личеноска

5. Чинарот во Охрид 1939
   The old oak tree, 1939
   масло на платно 99x80
   сигн. д. д. Л. Личеноски
   сопст. Завод и Музеј Охрид

6. Саатчија-кујунџија, 1946
   Watchmaker - jeweler, 1946
   масло на шпер, 100x80.5
   сигн. д. д. Личеноски Л. 1946

7. Автопортрет, 1947
   Selfportrait, 1947
   масло на шпер, 40x31,5
   сигн. д. д. Личеноски Л. 47

8. Биволи во Лепенец, 1948
   Oxen in Lepenec, 1948
   масло на лесонит, 72x99
   синг. д. л. Личеноски 48
   сопст, Завод и Музеј Охрид

9. Афион, 1950
   Poppu, 1950
   масло на платно, 77x61.5
   сигн. д. д. Личеноски

10. Жито, околу 1950
    Wheat, around 1950
    масло на платно, 80x100
    сигн. д. л. Личеноски
    сопст. Завод и музеј Охрид

11. Риби, 1951
    Fish, 1951
    масло на платно, 46.5x72
    сигн. д. л. Л. Личеноски

12. Пејзаж од Радожда, 1953
    Landscape from Radozda, 1953
    масло на платно,81x100
    сигн. д. д. L. Licenoski

13. Галичанка, околу 1953
    Galicnik, around 1953
    Мозаик, 54x72.5
    сопст. Завод и Музеј Охрид

14. Мотив од Охрид, 1954
    Motive form Ohrid, 1954
    масло на лесонит, 77x93
    сигн. д. л. Л. Личеноски
    сопст. Зое Личеноска

15. Пејзаж (низ прозорот на моето атеље во Скопје), околу 1955
    Landscape (view through mu studio window in Skopje), around 1955
    масло на лесонит, 50x75
    сигн. д. д. Личеноски

16. Риба, околу 1959
    Fish, around 1959
    масло на лесонит,49,5x100
    сигн. д. л. Л. Личеноски

17. Афионско поле, 1963
    Poppu fileld, 1963
    масло на лелсонит, 83x115
    б. с.
    сопст. Зое Личеноска

* Останатите дела се сопственост на Уметничката галерија Скопје.

CIP - Каталогизација во публикација Народна и универзитетска библиотека "Климент Охридски", Скопје
75.036 (497.17) Личеноски, Л.
Личеноски, Лазар
Личеноски, Лазар: Музеј и завод Охрид куќа на Уранија, 12-27 јули 1994 / [организатор Уметничка галерија Скопје, Даут пашин амам, Фестивал "Охридско лето" Охрид; одговорен уредник Драган Бошнакоски; организација на изложбата Мирјана Талеска и Менка Карапашовска; предговор, избор и ликовна поставка Мирјана Талевска;
превод на англиски Жанета Станоевска; ликовно обликување Денко Матевски] = Lazar Lichenoski: Institute and Museum Ohrid, House of Urania - Macedonia, 12-27 July 1994; publisher Art Gallery - Skopje; editor in chif Dragan Boshnakoski; organization of the exhibition Mirjana Talevska i Menka Karapashovska; preface, conception, selection and lay out Mirjana Talevska; translated into english by Zaneta Stanoevska; layout Denko Matevski]. - Скопје: Уметничка галерија, 1994. - [4]стр.: репродукции; 22cм
Каталог. - Текст напоредно на англ. јазик. - Предговор: стр. [2]
Печати: ДОГЕР